**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Бр. 1303 – 10/3**
**Скопје, 03.02. 2009 година**

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министер: Бујар Османи**

**ОД: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Помошник главен државен ревизор и Овластен државен ревизор:**

**Предмет: Ревизија на успешност – функционирање на Дирекцијата за храна во однос на безбедност на храната**

Ова известување претставува наше мислење по извршена ревизија на успешност која се однесуваше на функционирање на Дирекцијата за храна од аспект на контрола на безбедна храна за граѓаните на РМ. Со ревизијата се насочивме и кон други институции во Република Македонија кои имаат делокруг на работа поврзан со предметот на ревизијата.

Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да даде оценка за успешноста на функционирање на Дирекцијата за храна надлежна за безбедност на храната од аспект на следната цел:

**Дали Дирекцијата за храна во РМ функционира како што се бара во одредбите на законските и подзаконските акти и дали со нејзините досегашни активности ја гарантира безбедноста на храната?**

Со ревизијата дефиниравме повеќе проблематични подрачја од кои произлегоа значајни ризици во областа предмет на ревизија и тоа во следните области:

- Законски одредби поврзани со безбедност на храна;
- Повеќе аспекти на правна и организациона поставеност на Дирекцијата за храна;
- Системи на инспекторски контроли кај безбедноста на храна;

Нашата ревизија беше насочена кон повеќе откриени ризици кај сите споменати области кои се однесуваа на:

- Законски и подзаконски акти;
- Поделба на надлежности помеѓу институциите кои се надлежни за безбедност на храна;
- Оценка на ризици и подготовка на годишни планови и програми за работа;
- Имплементација на HACCP систем;
- Акредитирани лаборатории за анализа;
- Инструменти и опрема за земање мостри;
- Финансиски елементи;
- Евиденции;
- Извршени контроли, издадени записници, имплементација на мерки по констатирани неправилности и ефекти од контролите;
- Осигурување квалитет и надзор;
- Интегритет;

Нашите препораки во овој извештај се однесуваат на активности кои Министерството за здравство на РМ – Дирекција за храна и надлежните институции во низот на контрола на безбедна храна – Министерството за земјоделство. шумарство и водостопанство – Управа за ветеринарство, треба да ги преземе со цел отстранување на ефектите од утврдените неправилности, состојби и наоди во извештајот даден во продолжение, како и создавање на услови за подобрување на целокупната слика кај контролата на безбедност на храната воопшто, посебно за базата на субјекти/објекти со која оперира дирекцијата од која зависи опфатот на контроли на годишно ниво и по подрачни одделенија, кадровската екипираност, ризиците од нарушување на инспекторскиот интегритет, контрола и следење на квалитетот и ефектите од инспекциските контроли и др.

Од страна на МЗ на РМ – Дирекција за храна на ден 08.01.2009 година до Државниот завод за ревизија доставени се коментари по ревизорски извештај во писмена форма под бр. 02-6/2 од 05.01.2009 година по основ на примен Претходен извештај од извршена ревизија на успешност во областа – безбедност на храната. Согласно Законот за државната ревизија, Претходен извештај се доставува и до одговорното лице на субјектот за период за кој е вршена ревизијата. Од страна на одговорното лице на МЗ на РМ – Дирекција за храна за периодот за кој е вршена ревизијата Проф. Д-р Соња Србиновска, доставено е до ДЗР мислење по ревизорскиот извештај на 13.01.2009 година односно по истекот на законски предвидениот рок од 15 дена за поднесување забелешки по претходниот извештај.
Наведените мислења, не се доставени во форма ниту содржат забелешки по Претходниот извештај. Истите претставуваат образложение и потврда на констатираните состојби и неправилности во извештајот и не нудат нови докази ниту документација која влијае на промена на искажаните состојби во извештајот ниту во одговор на поставената ревизорска цел и мислењето.

Примените писмени мислења и коментари по ревизорскиот извештај иако се доставени вон законски предвидениот рок и не се во форма на забелешки, разгледани се од страна на Главниот државен ревизор, стручното тело за оценка на квалитетот во ДЗР, помошник главен државен ревизор и раководителот на ревизорската екипа во Државниот завод за ревизија.

Поради тоа веруваме дека спроведената ревизија ни даде основа да го изразиме следното мислење:

Стекнавме разумно уверување дека функционирањето на Дирекцијата за храна како надлежен орган за работите од оваа област согласно одредбите на законските и подзаконските акти во Република Македонија во функција на гарантирање на безбедна храна е ограничено од повеќе клучни аспекти. Имајќи ја предвид состојбата на правен и процесен вакуум во периодот од 2005 – 2008 година на оваа област, нејасна и непрецизна определба на надлежностите за безбедна храна кај двете клучни институции – Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство, незадоволителните процеси, термини и број на декларирани производители и трговци на храна за имплементација на HACCP системот, малиот број на акредитирани лаборатории за испитувања и анализи на степенот на безбедност на храна иако анализи тековно се вршат во лабораториите на здравствените заводи низ Македонија кои имаат само законски овластувања за вршење анализи но не и акредитација, различниот степен на нивна опременост и подготвеност за анализи, слабостите и неправилностите во правната и организациона поставеност на дирекцијата кои се најмногу изразени во процедурите за носење на годишен план за работа, оперативноста на истиот, опфатот, оценката на ризиците, база на податоци за објекти подложни на контрола и нејзино ажурирање, недоволната екипираност со инспекторски кадар, подготвеноста на дирекцијата со инструменти за правилно земање мостри со цел валидни резултати е ограничена поради ограниченоста на Бирото за метрологија да врши калибрација на овие инструменти, недостатокот на процедури за осигурување на квалитет кое се

рефлектира врз процедурите, целосноста и правилноста на контролите, интегритетот на инспекторскиот кадар, а кое има значајно влијание врз обемот на реализацијата и ефектите од извршените контроли. Ова поткрепено со податоците за пријавен број на затруени лица од храна, каде бројките покажуваат тренд на зголемување од 2006 во 2007 година односно од 11.508 лица на 13.026 заболени како и регистрирани 22 епидемии на труења од храна во периодот од 2006 до 2008 година со вкупен број од 839 заболени лица, посебно со едно од последните масовни труења каде бројот на заболени е 430 лица, ја зголемува одговорноста на институциите во државата за интензивирање и навремено преземање на сите законски мерки и дејствија со цел гарантирање во најголема можна мера за граѓаните, консумирање на безбедна храна.

МЗ на РМ – Дирекција за храна во своите коментари укажува дека ги прифаќа сите препораки на ревизијата наведени во претходниот извештај, со напомена дека во Стратегијата за безбедност на храната во РМ 2007 – 2012 има поставено приоритети кои ќе ги функционализира согласно Акциониот план на Стратегијата и Стратешкиот план на Дирекцијата 2009 – 2011, донесувања на годишните планови и програми со цел да ја оствари својата функција во системот за контрола на безбедноста на храната во РМ, без притоа да наведе конкретни активности кои се превземени во изминатиот период од доставување на Претходниот извештај или планови за надминување на констатираните состојби и неправилности.

Би сакале да напоменеме дека во текот на целиот процес на ревизијата, ревизорскиот тим на ДЗР имаше постојана стручна и професионална помош и соработка од надлежните и одговорни лица кај сите вклучени институции во низот на безбедност на храната кои изразија и покажаа позитивен однос кон ревизијата.

**Помошник главен државен ревизор**

**Скопје, 30.01.2009 година** **Овластен државен ревизор**


ул. Маршал Тито-12/3 - Палата Македонија 1000 Скопје; Република Македонија
телефон: (02) 3211-520; 3211-272; факс: 3126-311; e-mail: dzr@dzr.gov.mk; www.dzr.gov.mk